# АДИНГ БЕТОКОНТАКТ

*Подлога за малтери и лепила*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Адинг Бетоконтакт е подлога (прајмер) и стабилизатор на подлоги кај слабо порозни и мазни површини, за обезбедување рапавост на мазните површини, како и за остварување на подобра врска помеѓу подлогата и новиот слој. Се употребува пред малтерисување со класичен или машински, гипсен, цементен или продолжен малтер или при лепење со лепила на цементна основа.

## СВОЈСТВА

- Еднокомпонентен материјал на воденодисперзна полимерна основа
- Паропропусен
- Обезбедува рапавост на подлогата
- Растворлив во вода
- Овозможува одложена апликација на следниот слој
- Едноставна изведба

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | - | теракотна пастозна смеса |
| Густина | EN ISO 2811-1 | 1,6-1,7g/cm³ |
| Големина на полнило | - | 0,25mm |
| pH | - | 7-9 |
| Време на сушење на 20°C, при релативна влажност на воздухот од 50-60% | - | 4h |

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗВЕДБА

**<u>ПОДГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА</u>**

Подлогата треба да биде здрава, цврста, сува, чиста, без масти, прашина и без лабилни делови. Температурата на подлогата и воздухот треба да биде во граници помеѓу +5°C и +35°C, при релативна влажност на воздухот од 50-60%. Површините кои се обработуваат во моментот на вградување не треба да се изложени на директно сонце и дожд.

**<u>ПОДГОТОВКА НА МАТЕРИЈАЛОТ</u>**

Материјалот се подготвува со разредување до 20% со вода, по што се меша до потполно воедначување. Се препорачува однос на мешање Адинг Бетоконтакт: вода = 5:1.

**<u>ВГРАДУВАЊЕ</u>**

Вградувањето се изведува со четка или валјак во еден слој. Не е дозволено вградување на директно сонце и на дожд. Нанесувањето на следниот слој (новиот материјал: малтер, лепак) врз прајмерираната површина се изведува на претходно сув слој од Адинг Бетоконтакт. Временскиот период помеѓу слоевите, на температура од 20°C, при релативна влажност на воздухот од 50-60% изнесува 4 часа. Обработените површини треба да се заштитат од директно сонце, силен ветер, мраз и прашина во период од 4 часа по вградувањето, а од дожд и контакт со вода до моментот на нанесување на следниот материјал врз прајмерираната површина. Температурата на подлогата и воздухот при апликација треба да биде од 5°C до 35°C. Високата влажност на воздухот и ниските температури при вградување можат значајно да го продолжат времето на врзување.

Забелешка: Пропишаната потрошувачка на материјал, при апликација со распрскување може да се зголеми, во зависност од условите при вградување.



АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

## ПОТРОШУВАЧКА

0,15-0,25kg/m²

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по употребата.

## ПАКУВАЊЕ

Пластични кофи од 4 и 20kg

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална, затворена амбалажа, на температура од 5˚C до 35˚C, заштитен од директно влијание на сончеви зраци. Рок на употреба: 12 месеци.

Опасност по здравјето: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата (да се користат заштитни ракавици). Материјалот не е токсичен, но при инцидентен контакт, во случај да се контаминираат површини на кожата, истите места треба веднаш да се измијат со вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош.
Пожар: Адинг Бетоконтакт не е тестиран на реакција од пожар
Чистење и депонирање: Чистењето неврзани остатоци од Адинг Бетоконтакт е со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на соодветна опрема.





ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk